РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02 -13329/6
06-12- 2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2020 ГОДИНА



**СКОПЈЕ,**

**декември, 2019 година**

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година:

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 година донесена од Владата на Република Северна Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година. Јавното претпријатие е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со број ЕМБС 6839673 и истото е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Јавното претпријатие за државни патишта го организира своето работење, планирање, развој и обезбедување приходи врз основа на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

# I.

# ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

Планираните приходи за 2020 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието, утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приход

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта. Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

➢ Табеларен приказ на планираните приходи и приливи од странски кредити за 2020 година

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ | ПРОГРАМА 2020 година |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **7.893.000.000** |
| 1. Дел од акциза од деривати од нафта | 3.100.000.000 |
| 2. Патарина | 3.000.000.000 |
| 3. Регистрација (патна такса) | 1.750.000.000 |
| 4. Други приходи од работењето | 43.000.000 |
| **ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ** | **9.130.300.000** |
| 1. Кредит од Светска банка | 626.300.000 |
| 2. Кредит од ЕБОР | 4.003.000.000 |
| 3. Кредит од ЕИБ | 1.000.000 |
| 4. Кредит од Ексим Банка | 4.500.000.000 |
| **Пренесено салдо 31.12.2019** | **1.500.000.000** |
| **ВКУПНО** | **18.523.300.000** |

I.1 Во 2020 година планирано е да се остварат **приходи** во вкупна вредност од **7.893.000.000 денари**, и тоа:

I.1.1 Од делот од акцизата од деривати од нафта за 2020 година планирани се **3.100.000.000 денари.**

I.1.2 Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина), се очекува приход во износ од **3.000.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фреквенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2019 година и остварените приходи од претходните години, од планираните приходи кои треба да се остварат од отварањето на нови наплатни станици и согласно Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/19).

I.1.3 Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при **регистрација** на возилата, изнесува **1.750.000.000 денари**. Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на на Република Македонија" бр.118/09) и Одлуката за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/14), како и врз основа на остварените приходи од претходните години по овој основ.

I.1.4 Другите приходи од работењето во 2020 година се очекува да изнесуваат **43.000.000 денари**, а се планира да се остварат од надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
- приклучување на пристапен пат на државен пат,
- поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
- изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
- прекумерно користење на пат,
- вонреден превоз,
- штета сторена на патот и објектите на патот и други.

### I.1.5 Графички приказ на планираните приходи за 2020 година




**I.2** Во 2020 година се планира да се остварат приливи од странски кредити во вкупна вредност од **9.130.300.000 денари**, тоа:

**I.2.1** Од Светска Банка за финансирање на проекти се очекува прилив од **626.300.000 денари**,

**I.2.2** Од Европска Банка за обнова и развој се очекува прилив од **4.003.000.000 денари**,

**I.2.3** Од Европска Инвестициона банка се очекува прилив од **1.000.000 денари** и

**I.2.4** Од Ексим банка за 2020 година се планира да се повлечат средства во износ од **4.500.000.000 денари**.

## I.2.5 Графички приказ на планираните приливи од странски кредити за 2020 година



## II.

## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ И ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

Во 2020 година за инвестиции, отплата на кредити и трошоци планирани се средства во вкупен износ од **18.523.300.000 денари.**

- Табеларен приказ на планирани инвестиции, отплата на кредити и трошоци за 2020 година

| ТРОШОЦИ, ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ И ИНВЕСТИЦИИ | 18.523.300.000 |
|---|---|
| **ТРОШОЦИ** | **2.184.800.000** |
| 1. Трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво | 23.200.000 |
| 2. Услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги и други услуги | 1.234.100.000 |
| 3. Плата и други надоместоци за вработените | 300.000.000 |
| 4. Трансфер кон ЕЛС за одржување на општински патишта и улици | 300.000.000 |
| 5. Даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето | 327.500.000 |
| **ОТПЛАТА НА КАМАТА И ГЛАВНИЦА ОД ЗЕМЕНИ КРЕДИТИ** | **4.326.000.000** |
| 1. Отплата на камата за земени кредити од странски кредитори | 826.000.000 |
| 2. Отплата на главница за земени кредити од странски кредитори | 3.500.000.000 |

| ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА | 12.012.500.000 |
|---|---|
| 1.ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА | 2.882.200.000 |
| **1.1 Изградба на патишта, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити** | 1.676.200.000 |
| 1.1.1 Изградба на патишта | 1.109.200.000 |
| 1.1.2 Осветлување и сигнализација | 21.000.000 |
| 1.1.3 Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели и други работи | 96.000.000 |
| 1.1.4 Сопствено учество во инвестиции со странски кредити | 450.000.000 |
| **1.2. Инвестиционо одржување на патишта** | **700.000.000** |
| **1.3. Експропријација** | **200.000.000** |
| **1.4. Проектирање и надзор** | **300.000.000** |
| **1.5. Опрема и софтвер** | **6.000.000** |
| 2. ИНВЕСТИЦИИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ | 9.130.300.000 |
| **2.1. Кредити од Светска Банка** | **626.300.000** |
| 2.1.1. Проект за унапредување и развој на патишта | 626.300.000 |
| **2.2. Кредити од ЕБРД** | **4.003.000.000** |
| 2.2.1. Електронски систем за наплата на патарини Коридор 10 | 170.000.000 |
| 2.2.2. Проект за изградба на национални патишта | 2.643.000.000 |
| 2.2.3. Проект за Штип Радовиш изградба на експресен пат | 750.000.000 |
| 2.2.4 Проект за реконструкција и рехабилитација на делница Крива Паланка-Деве Баир (граница со Р.Бугарија) | 240.000.000 |
| 2.2.5 Проект за патарина на Коридор 8 | 200.000.000 |
| **2.3. Кредити од ЕИБ** | **1.000.000** |
| **2.4. Кредит од Ексим Банка** | **4.500.000.000** |
| 2.4.1 Проект за изградба на автопат Кичево - Охрид | 4.500.000.000 |

- Графички приказ на планираните трошоци, отплата на кредити и инвестиции во 2020 година




4. Трансфер кон ЕЛС за одржување на општински патишта и улици 300,000,000 2%
2. Услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги и други услуги 1,234,100,000 7%
5. Даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето 327,500,000 2%
1. Трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво 23,200,000 0%
3. Плата и други надоместоци за вработените 300,000,000 2%
6.Камати од земени кредити од странски кредитори 826,000,000 4%
дливи за
плата на
авница на
нски кредити
,500,000,000
19%
9. Инвестиции од странски кредити 9,130,300,000 49%
8.Инвестиции од сопствени средства 2,882,200,000 15%

II.1. **Во 2020 година планирани се трошоци во вкупна вредност од 2.184.800.000 денари, и тоа:**

II.1.1 За трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво планирани се вкупно **23.200.000 денари**. Овие трошоци се однесуваат за набавки на: тонери за принтери и копири, ролни за фискални каси на наплатни станици, парагон билети, фотокопирна хартија, гориво за агрегати и за службени возила, ХТЗ опрема за вработените на наплатни станици, средства за хигиена и други трошоци.

II.1.2 За услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални и други услуги планирани се вкупно **1.234.100.000 денари.** Најголем дел од овие средства (1.020.000.000 денари) се планирани за одржување на патиштата, преку договор со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта. Покрај одржување на патиштата, во оваа ставка спаѓаат и услуги за одржување на згради, објекти, софтвер и опрема (лифтови, фотокопири и принтери, клими, возила, агрегати, ПП централа, ПП апарати и испитување на громобранска инсталација, фискални печатари, систем за видео надзор и комуникациска опрема на НС и гранични премини, систем за наплата на патарини и слично), комунални услуги, услуги за хигиена, електрична енергија, провизија за Здруженијата за технички преглед, адвокатски, нотарски, трошоци за извршители и други услуги.

II.1.3 За плата и други надоместоци за вработените (утврдени со Закон, подзаконски акти, колективни договори, акти на претпријатието и слично) планирани се вкупно **300.000.000 денари**. Овие средства се предвидени за исплата на бруто плата и разни надоместоци за вработените.

II.1.4 За трансфер кон ЕЛС за реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, планирани се средства во износ од **300.000.000 денари**. Средствата се трансферираат кон Единиците на локалната самоуправа по доставена Програма за тековната година и Извештај за работењето од претходната година.

II.1.5 За плаќање на даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето планирани се **327.500.000 денари**. Во оваа група спаѓаат: плаќање на данок на добивка, аконтативни месечни исплати по истиот и ДДВ, повраток на средства од регистрација на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт на стока, банкарски провизии, како и останати трошоци кои произлегуваат од секојдневното работење (осигурување на вработени и имот, транспорт на вработени, систематски преглед, експресно пренесување на пратки, надоместоци за членови на УО и НО и сл.)

II.1.6 Графички приказ на поединечните трошоци во вкупно планираните за 2020 година




**II.2 За отплата на кредити кон Меѓународни финансиски институции планирани се средства во вкупен износ од 4.326.000.000 денари, тоа:**

II.2.1. За отплата на камата за земени кредити од странски кредитори предвидени се средства во износ од 826.000.000 денари.

II.2.2. По основ на отплата на главница за земени кредити од странски кредитори планирани се средства во вкупна вредност од 3.500.000.000 денари.

## II.3. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Јавното претпријатие во 2020 година планира да реализира средства за инвестиции во вкупна вредност од **12.012.500.000 денари**, и тоа:

II.3.1 За инвестиции со сопствени средства предвидени се **2.882.200.000 денари.**

II.3.1.1 За изградба на патишта, рехабилитација, реконструкција, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта, за сопственото учество во инвестициите финансирани од странски кредитори и други работи планирани се **1.676.200.000 денари.**

Овие средства предвидени се за реализација на следниве проекти:

- Завршени проекти, а ќе има исплати во 2020 година:

  - Продолжување со изградба на регионален пат Р29272 делница Опае - Белановце – Станчиќ,
  - Рехабилитација на државен пат А2 делница Колари – Кичево,
  - Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино – Демир Капија,
  - Доизградба на регионален пат од Скопје до Сончев град,
  - Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Подмоље (Кружен тек Евро хотел) – Радожда,
  - Рехабилитација на државен пат Р2235 делница Маврово – Никифорово,
  - Рехабилитација на државен пат Р1310, Берово – граница со Р. Бугарија (Клепало),

- Рехабилитација на државен пат Р1301, транзит низ Охрид,
- Рехабилитација на државен пат Р1208, делница Охрид – Подмолје (кружен тек Евро хотел),
- Рехабилитација на државен пат Р1312, делница Прилеп – Прилепско езеро,
- Рехабилитација на државен пат Р2132, делница Калуѓерец – Растеш,
- Рехабилитација на државен пат А3 делница, Макази – Ресен,
- Рехабилитација на државен пат А3 делница, Транзит низ Делчево - десен и лев коловоз,
- Рехабилитација на државен пат А4 делница, Радовиш – Струмица,
- Рехабилитација на државен пат Р1403 делница, Василево – Добрејци,

- Проекти кои ќе продолжат и отпочнат со реализација во 2020 година:
  - Реконструкција на регионален пат Р2133 делница Ропалце - Матејче - Липково,
  - Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика "Вевчанка" – Здравствен дом Вевчани,
  - Осветлување на раскрсници, клучки, мостови, тунели на државни патишта,
  - Изградба на мост бр.5, р.Луда Мара на државен пат Р1107,
  - Изградба на мост бр.2, р.Бабуна, Богомила на државен пат Р2336,
  - Изградба на мост на државен пат Р2136 на р.Пчиња кај Коњарево,

- Рехабилитација на државен пат од Р1205 – Злетово – Пробиштип,
- Изградба на државен пат Р1402 делница С.Коњарево - Н.Коњарево,
- Санација на мост над река Вардар на регионален пат Р1103, делница Лакавица - Неготино (Пепелиште),
- Пошумување на косини за заштита од ерозија на автопат Миладиновци - Штип,
- Санација на мост бр.1 Лакавица,
- Санација на свлечиште Маврово – Галичник,
- Рехабилитација на државен пат Р2241 делница, Спој Р1202 – Лабуниште – Бороец - Јабланица,
- Рехабилитација на државен пат Р1101 делница, Прилеп - Тополчани – Битола,
- Рехабилитација на државен пат Р2337 делница, Крушево - Слива - Пуста река,
- Рехабилитација на државен пат Р1207 делница, Пелинце - ГП Пелинце,
- Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница за Манастир Свети Јован Крстител (Бигорски),
- Докомплетирање на градежни работи за изградба на автопат А4, делница Миладиновци - Свети Николе – Штип,
- Рехабилитација на државен пат А2, делница Гостивар (мост кај с.Здуње) - Гостивар (Наплатна Станица),
- Поправка и рехабилитација на државен пат Р1105 делница, врска со државен пат Р1401 (Раброво) - ГП Дојран,
- Поправка и рехабилитација на државен пат А1 делница, Смоквица – Удово,

- Рехабилитација на државен пат Р1401 делница, врска со државен пат Р1105 - Брајковци - Балинци - Миравци - врска со државен пат А1,
- Поправка и рехабилитација на државен пат Р1107 делница, Мушов гроб – Мрежичко,
- Рехабилитација на државен пат Р2243 делница, Струга (врска со Р1201) - Дрслајца - Бицево - Д.Татеши – Мислодежда,
- Рехабилитација на државен пат Р2243 делница, Сопиште - Долно Соње,
- Рехабилитација на државен пат А1 делница, врска со Р1103 (Возарци) - Раец – Фариш,
- Рехабилитација на државен пат Р2240 делница, врска со Р1201 - Вевчани - Октиси - врска со А2,
- Рехабилитација на државен пат Р2243 делница, Мислодежда – Збажди,
- Рехабилитација на државен пат Р1103, транзит низ Кавадарци,
- Рехабилитација на државен пат А3, транзит низ Охрид,
- Реконструкција на државен пат Р2133 делница Ропалце – Матејче,
- Изградба на заштитна ограда на Обиколница на Битола,
- Рехабилитација на државен пат А2, делница Куманово – Страцин (фаза 2),
- Реконструкција и рехабилитација на државниот пат Р1109 (обиколница на Богданци),

- Изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце,
- Докомплетирање на сообраќајна сигнализација на автопат А4 Миладиновци – Свети Николе – Штип,
- Санација на свлечиште на Р2249 делница Мелничани – Горенци (Центар Жупа),
- Санација на свлечиште Р2241, делница Лабуништа – Јабланица,
- Санација на свлечиште на Р1301 делница Охрид – Свети Стефан и санација на свлечишта Р1208 делница Струга - Радожда (кај Елен Камен),
- Санација на мост Р2232 делница Ратавица – Злетово,
- Санација на мост бр.9 на Р1304 делница Берово – Виница,
- Санација на мост бр.15 на Р1303 влез во Македонски Брод над река Треска,
- Санација на мост бр.4 на Р1103 Лакавица – Неготино,
- Санација на свлечиште на регионалниот пат Р1102, Велес – Градско (Транзитен дел низ Велес),
- Санација на свлечиште на регионалниот пат Р1308, Претор – Маркова Нога,
- и други проекти.

- Доколку се обезбедат средства во 2020 година се планира да се отпочнат следниве проекти:
  - Изградба на нов мост на река Пчиња за поврзување на автопатот А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136,

- Поставување на заштитна звучна ограда на одредени автопатски делници по должина на коридорите 8 и 10 (покрај градот Куманово и покрај населено место Сарај),
- Рехабилитација на државен пат Р1309, делница Кочани – Пониква (фаза 2),
- Рехабилитација на државен пат Р1302, делница Струмица – Берово ,
- Изградба на регионален пат Р2246 делница, Извор (спој со А2) – Гарски мост,
- Санација на свлечиште на Р1201, делница Цепиште – Требиште,
- Санација на свлечиште Р1107, делница Прилеп – Витолиште,
- Санација на насип на Р1306, делница Прилеп – Кривогаштани (кај с. Славеј),
- Санација на одрон на Р1302, делница Хамзали – Берово,
- Санација на свлечиште на Р1306, делница Крушево – Сладуево,
- Поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3, делница Буково – Охрид,
- Реконструкција и рехабилитација на регионален пат Р2235 делница Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202).

II.3.1.2 За инвестиционо одржување на патиштата предвидени се **700.000.000 денари**, кои ќе се реализираат преку Договорот со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, предвидени во Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2020 година;

II.3.1.3 За експропријација на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2020 година, планирани се **200.000.000** денари;

II.3.1.4 За изработка на проектна документација и надзор над градежните работи на државните патишта, предвидени се средства во износ од **300.000.000 денари**. Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како надзор над изградбата и одржувањето на патиштата. Во 2020 година се планира изработка на проектна документација за следниве делници:

- Изработка на проектна документација за експресен пат делница Битола-Меџитлија со обиколница на Битола,
- Изработка на основен и инфраструктурен проект за делница Букојчани – Кичево,
- Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на делница Ропалце – Матејче,
- Изработка на проектна документација за реконструкција на делница Струмица - Дабиле
- Изработка на проектна документација за санација на потпорни ѕидови на рег.пат Р1202, кај село Јанче и село Скудриње,
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државни патишта финансирани од ЕБОР (фаза I)
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на патни делници Хиподром – Миладиновци, Миладиновци – Петровец и Петровец – Хиподром,

- Докомлетирање на проектната документација за автопат Кичево – Охрид,

- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државни патишта финансирани од ЕБОР (фаза II)

- Изработка на проектна документација делница Струмица – Валандово – Спој со А1,

- Изработка на проектна документација на државен пат А3 обиколница Ресен,

- Изработка на проектна документација за поставување сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3, делница Букoво – Охрид,

- Изработка на проектна документација за рехабилитација со подобрување на автопат А1, ГП Табановце – клучка Табановце,

- Изработка на проектна документација за проширување и подобрување на геометриските елементи на државен пат Р2242, делница Желино – Јегуновце,

- Изработка на проектна документација за проширување и подобрување на геометриските елементи на држевен пат Р2248, делница Ранковце – Герман,

- Изработка на проектна документација за изградба на регионален пат Р2434 делница Долно Липовиќ – Рич,

- Изработка на проектна документација за рехабилитација и санација на државен пат А1, делница Неготино – ТЕЦ Неготино (двата коловоза),

- Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државниот пат Р1109,

- Докомплетирање на постоечка проектна документација и изработка на инфраструктурен проект за реконструкција со проширување на регионален пат Р2236 делница Свети Николе – Неокази,

- Изработка на проектна документација за реконструкција со проширување на регионален пат Р1109 делница Понов мост – влез во Богданци,

- Изработка и комплетирање на проектна документација за поврзување на идниот автопат А4 делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136,

- Изработка на проектна документација за докомплетирање на обиколница на Богданци кој е дел од државниот пат Р1109,

- Изработка на проектна документација за заштита на косини за автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип

- Изработка на проектна документација за санација на свлечиште на Р1306, делница Крушево – Сладуево,

- Изработка на проектна документација за санација на одрон на Р1302, делница Хамзали – Берово,

- Изработка на проектна документација за санација на насип на Р1306, делница Прилеп – Кривогаштани (кај село Славеј),

- Изработка на проектна документација за санација на мост на Р2250, делница Киселица – Луке,

- Изработка на проектна документација за санација на мост бр.15 на Р1102,

- Изработка на проектна документација за санација на мост бр.6 на А1 делница Градско – Дреново,

- Изработка на инфраструктурен проект за реконструкција и рехабилитација на регионален пат Р2235 делница Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202),

и други проекти

Доколку се обезбедат средства во 2020 година се планира да се отпочнат следниве проекти:

- Изработка на проектна документација за автопат Прилеп Битола,
- Изработка на проектна документација за спој на експресен пат А2, делница Крива Паланка – спој со постоен магистрален пат,
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат Р1212, делница Охрид – Свети Наум,
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат А1, делница клучка Гевгелија – ГП Богородица (десен коловоз),
- Изработка на проектна документација за проширување и подобрување на геометриски елементи на државен пат Р2234, делница Кондово - Радуша
- Изработка на проектна документација за автопат А2, делница Струга – Ќафасан,
- Изработка на проектна документација за рехабилитација и санација на државен пат А1, делница Стоби – Градско (двата коловози),
- Изработка на проектна документација за експресен пат, делница Струмица – граница со Р. Бугарија.

II.3.1.5 За набавка на опрема и софтвер планирани се **6.000.000 денари.**

II.3.2 За инвестиции од странски кредити предвидени се **9.130.300.000 денари** и тоа финансирани од: Светска банка, Европска банка за обнова и развој, ЕИБ и Ексим Банка.

II.3.2.1 Кредити од Светска банка во износ од **626.300.000 денари**, за следниве проекти:

- Со Проектот за унапредување и развој на патиштата, финансиран од Светска банка, ќе се финансира:

  - Изградба на експресен пат Ранковце - Крива Паланка,
  - Избор на консултант за воспоставување на систем за менаџирање со мостовите на патната мрежа,
  - Избор на консултант за техничка ревизија при изградба на експресен пат Ранковце – Крива Паланка,
  - Набавка на хардвер и софтвер за воспоставување на систем за менаџирање со мостовите на патната мрежа,
  - Опрема за надгледување на мостовите на патната мрежа
  - И други проекти

II.3.2.2 Кредити од Европска банка за обнова и развој во износ од **4.003.000.000 денари**, за следниве проекти:

- **Проектот Коридор 10 – патарини,** за воведување електронски систем за наплата на патарини на Коридор 10 и изградба на нови наплатни станици на новоизградените автопатски делници.

- Со **Проектот Програма за национални патишта, ќе се финансираат :**

  - Изградба на експресен пат Штип – Кочани,
  - Изградба на експресен пат Градско – Прилеп, делница (Фариш – Дреново),

- Воведување дигитална архива,
- ИТ Стратегија за имплементација и градење на капацитети,
- Рехабилитација на 26 државни патишта: Куманово – Опае (завршен проект а ќе има исплати во 2020 година), Куманово – Никуштак (завршен проект а ќе има исплати во 2020 година), Куманово – Свети Николе (завршен проект а ќе има исплати во 2020 година), Обиколница на Кочани (завршен проект а ќе има исплати во 2020 година), Штип – Радовиш (стар пат) (завршен проект а ќе има исплати во 2020 година), Пробиштип – Крупиште, Катланово – Петровец (2 коловоза), Маврови Анови – Жировница, Миладиновци – Петровец, Хиподром – Петровец, Миладиновци – Хиподром, Фаришка клисура – Прилеп, Кривогаштани – Крушево, Карпалак – Желино, Крива Паланка – Ранковце (стар пат), Скопје – Блаце, Подмоље – Струга – Ќафасан, Битола – Меџитлија, Битола – Демир Хисар, Крушево – Демир Хисар, Катланово – Велес, Велес – Градско – Неготино – Демир Капија (стар пат), Друговo – Демир Хисар, Македонска Каменица – Саса, Кичево – Македонски Брод и Узем – Тораница.
- И други проекти

- **Со Проектот патна делница Штип – Радовиш,** ќе се финансира изградба на експресен пат Штип - Радовиш
- **Со Проектот Крива Паланка – Деве Баир,** ќе се финансира реконструкција и рехабилитација на патниот правец Крива Паланка - Деве Баир

- **Проектот за патарина на автопатишта**, ќе се финансира воведување на електронски систем за наплата на патарини на Коридор 8 и изградба на нови наплатни станици на новоизградените автопатски делници.

- Доколку се обезбедат средства од кредит од Европската банка за обнова и развој ќе се финансира изградба на автопат Букојчани – Кичево

### II.3.2.3 Кредит од ЕИБ техничка помош за Коридор 10

- Со кредит од ЕИБ ќе се финансираат консултантски услуги – техничка помош за Коридор 10

### II.3.2.4 Кредит од Ексим банка во износ од 4.500.000.000 денари, за финансирање на:

- Изградба на автопат Кичево – Охрид

### II.3.3 Графички прикази на планираните инвестиции во 2020 година




Инвестиции од сопствени средства
Проектирање и надзор 11%
Опрема и софтвер 0%
Експропријација 7%
Инвестицион
одржување н
патишта
24%
Градба,
ветлување,
гнализација,
стови, тунели,
свлечишта
58%


Инвестиции од странски кредитори
Кредити од Светска банка 7%
Кредит од Ексим Банка 49%
Кредити од Европска Банка за обнова и развој 44%
ЕИБ 0%

III.

Оваа Програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

ЉУПКА ЦИКАРСКА